РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
MINISTRIA E BUJQËSISË, PYLLTARISË DHE EKONOMISË SË UJËRAVE
Бр.-Nr. 102-406/124
26.12.2023 год.-vit/e.
СКОПЈЕ - SHKUP

Градежен институт
МАКЕДОНИЈА А Д
Бр. 1202-48/109
21.12.2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 119 став 1 точка 3, од Законот за јавните набавки (Службен весник на Република Македонија бр.24/2019 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 87/21) се врши измена на Договорот за вршење на надзор на работите за Изградба на Брана Конско, Гевгелија заверен под број 1202-7/4 кај вршителот на услугата и под број 05-231/11 кај нарачателот од 20.09.2016 година

# АНЕКС БР.5
# НА
# ДОГОВОР ЗА НАБАВКА НА УСЛУГИ

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, соадреса: АминтаТрети 2 - Скопје, Република Северна Македонија, застапувано од министерот Љупчо Николовски (во понатамошниот текст Нарачател) од една страна и;

2. Градежен институт МАКЕДОНИЈА ад Скопје, ул. Дрезденска бр. 52 Скопје, Република Северна Македонија ЕМБС 4067533, ЕДБ 4030975274722, застапувано од Генерален директор Влатко Иванов (во понатамошниот текст Вршител на услугата) од друга страна.

### Член 1

Со овој Анекс бр. 5 кон Договорот за набавка на услуги за вршење на надзор на работите за изградба на Брана Конско, со придружните објекти, заверен под број 1202-7/4 кај вршителот на услугата и под број 05-231/11 кај нарачателот од 20.09.2016 година и Измените на основниот договор (бр.1 заверен кај нарачателот под број 102-656/80 од 26.10.2021 година и заверен кај вршителот на услугата под број 1202-67/96 од 25.10.2021 година; бр.2 заверен кај нарачателот под број 102-7552/1 од 21.07.2022 година и заверен кај вршителот на услугата под број 1202-8/58 од 19.07.2022 година и бр.3 заверен кај нарачателот под број 102-151/109 од 22.11.2022 година и заверен кај вршителот на услугата под број 1202-8/100 од 22.11.2022 година и бр. 4 заверен кај нарачателот под број 102-406/61 од 28.06.2023 година и заверен кај вршителот на услугата под број 1202-48/58 од 26.06.2023 година), се регулираат измени кои се однесуваат на член 6 од Договорот за вршење на надзор на работите за изградба на Брана Конско, со придружните објекти.

Член 2

Во член 6 од Договорот за вршење на надзор се врши измена на времетраењето на договорот односно рокот за завршување на работите. Согласно наведеното измената во член 6 гласи:

„Временскиот период за ангажирање на Надзорниот орган за надзор на изведување на работите е директно условен од времетраењето на договорот за изведба на работите кој изнесува 110 месеци. Во овој рок е вклучен утврдениот рок за изведба на работите кој изнесува 7 (седум) години и два месеци, односно 86 месеци и гарантниот период кој изнесува 24 месеци од денот на издавање на одобрение за употреба. За овој временски период вршителот на услугата треба да го усогласи динамичкиот план за извршување на услугите на надзор. Овој договор престанува да важи кога во целост ќе бидат исполнети правата и обврските кои што со овој договор ги имаат превземено договорните страни, согласно наведеното во тендерската документација и проектната програма за вршење на надзор на работите за изградба на брана Конско и придружните објекти.

Член 3

Согласно член 102 став 7 од ЗЈН, во случај кога е продолжен рокот за реализација на договорот или е зголемена неговата вредност, носителот на набавката – Вршителот на услугата соодветно треба да ја продолжи важноста и вредноста на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот.

Член 4

Останатите одредби од Основниот Договорот за набавка на услуги за вршење на надзор на работите за изградба на Брана Конско, со придружните објекти, заверен под број 1202-7/4 кај вршителот на услугата и под број 05-231/11 кај нарачателот од 20.09.2016 година и Измените на основниот договор (бр.1 заверен кај нарачателот под број 102-656/80 од 26.10.2021 година и заверен кај вршителот на услугата под број 1202-67/96 од 25.10.2021 година; бр.2 заверен кај нарачателот под број 102-7552/1 од 21.07.2022 година и заверен кај вршителот на услугата под број 1202-8/58 од 19.07.2022 година и бр.3 заверен кај нарачателот под број 102-151/109 од 22.11.2022 година и заверен кај вршителот на услугата под број 1202-8/100 од 22.11.2022 година и бр. 4 заверен кај нарачателот под број 102-406/61 од 28.06.2023 година и заверен кај вршителот на услугата под број 1202-48/58 од 26.06.2023 година) остануваат непроменети.

Член 5

Овој Анекс бр. 5 на Договорот стапува на сила со денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

Член 6

Овој Анекс бр. 5 на Договор е склучен во 6 (шест) еднообразни примероци од кои по 3 (три) за двете договорни страни.

НАРАЧАТЕЛ,
Министерство за земјоделство, шумарство
и водостопанство
Министер
Љупчо Николовски

ВРШИТЕЛ НА УСЛУГАТА,
Градежен Институт Македонија
АД Скопје
Генерален директор
Влатко Иванов

Изработил: Мајда Ристовска
Контролирал: Лиле Симоновска
Бојан Дурнев
Согласен: Isni Jakupi

Прилог на Анекс договорот:
- Барање за склучување на анекс на договорот со опис на измените - Документација во врска со измените (член 119 став 8 од ЗЈН)